Уп. бр.08-151

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телеком Србија АД Белград со регистрирано седиште на ул. Таковска бр.2, Белград, Република Србија, преку овластено лице Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 17.12.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Телеком Србија АД Белград со регистрирано седиште на ул. Таковска бр.2, Белград, Република Србија стекнува контрола над ПУЛСЕЦ ДОО Белград Србија, со регистрирано седиште на ул. Тошин Бунар 272 б, 11070 Белград, Нов Белград, Република Србија, преку стекнување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 15.11.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Телеком Србија АД Белград со регистрирано седиште на ул. Таковска бр.2, Белград, Република Србија, со која Телеком Србија АД Белград, Република Србија стекнува контрола над ПУЛСЕЦ ДОО Белград

Србија, со регистрирано седиште на ул. Тошин Бунар 272 б, 11070 Белград, Нов Белград, Република Србија, преку стекнување на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Телеком Србија АД Белград е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а пред се обезбедува услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија АД Белград има едно поврзано правно лице[1] на територијата на Република Северна Македонија:

Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица „Максим Горки" 11/кат 3, Скопје, Центар, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

ПУЛСЕЦ ДОО Белград е регистриран давател на дејности на компјутерско програмирање и други дејности за кои се исполнети условите на територијата на Република Србија, како технолошка компанија специјализирана за имплементација на напредни cybersecurity решенија, а со цел заштита на клиентите, нивните податоци и корисниците од cyber пречки.

Во Северна Македонија, целното друштво нема поврзани правни лица и не стварило приходи.

---

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр. 08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје. Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр. 08-91/2024 од 15.07.2024 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, 1000 Скопје

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**